# Истражување за мрежите, коалициите и чадорските организации во РМ
## општи трендови

Автор: Наташа Габер-Дамјановска

**Презентација за обука за вмрежување**

# Методолошки пристап




- Истражувањето го спроведе Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во првиот квартал од 2007 година преку анкетен прашалник со граѓански организации.

- Во примерокот се опфатени 88 организации кои членуваат или членувале во различни видови сојузи и кои прифатиле да го дадат својот придонес во опишувањето на состојбите при пополнувањето на анкетниот прашалник.

# Членство во сојузи

- Членувањето се базира на поцврсти или поформални односи во над половината од организациите, додека коалицирањето според афинитет или интерес е второстепена преференција.

# Вид на здружување

- Секоја втора организација навела дека здружувањето било според *заедничка целна група*

- 1/3 се здружувала според *заедничкото поле на делување*

# Структура на сојузите

- 2/3 тежнеат нивното здружување да го формализираат преку регистрирање правно лице
- секој втор сојуз делува на национално ниво
- приближно еднаков број на сојузи во своето членство вклучуваат и не вклучуваат организации (правни лица) и индивидуални членови (физички лица)

# Структура на сојузите

- доминантен дел (околу 80%) од организациите кои навеле дека членуваат барем во еден сојуз, имаат назначено секретаријат или извршна канцеларија
- 2/3 од овие канцеларии се наоѓаат во Скопје
- лидерството во секој втор сојуз е ротирачко, додека секој петти  сојуз се раководи постојано од една членка

# Структура на сојузите

- доминантен дел (или 80%) од секретарија-тите имаат работно ангажирани лица
- секој петти сојуз се изјаснил дека е генерално задоволен од работењето на сојузите, но голем дел од останатите анкетирани е резервиран или е негативно настроен
- претежно, се смета дека луѓето кои членуваат во раководните тела на сојузот, имаат соодветни вештини

# Структура на сојузите

- значителен дел од првонаведените сојузи (околу 80 %) имаат подготвено пишана програма за работа
- изворите на финансирање на сојузите се разнородни, но нешто поизразени се странските (странски донатори)
- буџетот на сојузот е често „тајна“, но сепак има и такви организации (секоја десетта) чиј буџет се знае дека е над милион денари
- главно, досегашните буџети се сметаат како соодветни на потребите

# Вредности на сојузот

- кај скоро ¾ од сојузите постои заеднички (општ) правилник за однесување (или друга форма на поставена саморегулација) или етички кодекс
- најголемиот дел од работата (функционирањето) на сојузите се одвива врз база на прифатени (изгласани) документи (статути, правилници и сл.) и имаат изградено критериуми за членство

# Вредности на сојузот

- во над ½ од случаите критериумите за избор на членови во раководните тела на сојузите, како и изборот на раководители и лидери  се почитуваат
- секој втор анкетиран смета дека членките во сојузите имаат значително влијание при донесувањето на одлуки
- 40 % од сојузите подготвуваат и наративен и финансиски годишен извештај за нивното работење, но во подготовката на извештаите за 2005 г. биле малку помалку ревносни

# Слаби и јаки страни на сојузот

- Негативни искуства од здружувањето во сојуз/и: нееднаквото споделување на обврските"- 18%, односно „нееднаков третман кон членките (доминација на една или неколку)"- 13%
- Слабости на сојузот: довербата меѓу членките, градењето на капацитетите и проблемот со комуникацијата

# Слаби и јаки страни на сојузот

- Тоа што ги разликува ГО кои се поврзани во сојузи и оние кои не вмрежени, според одговорите, е „зголемената свест за заедничките интереси/ проблеми".
- Вештини со кои се здобиле анкетираните, работејќи во сојузот се „научив како да лобирам", „научив да планирам стратешки", „научив да планирам и да раководам проекти", „научив подобро да ја поставам/ раководам организацијата и „научив да си ги поставувам правилно приоритетите" .

# Влијание на сојузите

- Поголемиот број испитаници смета дека сојузите активно влијаат врз креирањето на јавната политика
- Во долгата листа на наведени примери се: лобирање за донесување одредени закони или нивно менување, потоа организирање на различни едукативни кампањи, кампањи за меѓуетничка толеранција, семинари, учество во подготвување на одредени документи (Стратегии, акциски планови и сл.)

# Влијание на сојузите

- Анкетираните лица, генерално позитивно ја доживуваат улогата на својот сојуз, во влијанието на донесувањето одлуки во сферата на јавната политика во областа во која делува.
- Негативната перцепција за придонесот на сојузот се регистрира кај релативно незначителен процент анкетирани.